Љиљана Лазаревиќ

# Секојдневниот живот во Кралството СХС



Клучно прашање

## Секојдневен живот – избор или бреме на традицијата?

**Тема**

Модулот се бави со комплексноста и различноста на секојдневниот живот во оваа земја. Учениците би требало да создадат поширока слика за тоа каков бил животот во земјата со големи религијски и национални разлики, во периодот од 1918 до 1941 година. Работилницата е значајна поради потребата од подигање на нивото на толеранција и свеста во регионот, пред се за тоа колку се длабоки корените на разликите и проблемите, но и колку се слични проблемите во различни делови на државата

**Очекувани резултати**

- Учениците ќе можат да ги разберат промените и континуитетот на социјалните феномени како и сличностите и разликите во минатото и сегашноста
- Учениците ќе ја разберат сложеноста на интеракцијата помеѓу традиционалното и модерното во меѓувоениот период на Југославија
- Учениците ќе развијат емпатија
- Учениците ќе ги прошират своите знаења за квалитетот на секојдневниот живот во дадениот период

**Цели**

- Критичко разбирање на комплексната природа на минатото
- Разбирање на националниот идентитет
- Подршка на учениците во сваќањето на своите корени
- Взаемно почитување, мир, стабилност, демократија
- Историска свест

**Упатство за наставници**

90 минути

**Чекор 1**

Наставникот ќе го прочита воведот и ќе ја објасни ситуацијата во државата во дадениот период користејќи ги изворите од 1 до 5.

**Чекор 2**

Наставникот ги дели учениците во две групи:

1. Првата група добива извори - село/град
2. Втората група добива извори – традиционално/модерно

**Чекор 3**

Учениците ја пополнуваат табелата на тема: положбата на жената, користејќи извори

***Вовед**:*

*Кралството СХС е формирано по завршувањето на Првата светска војна, засновано на идеата на заедничките корени на Јужните Словени. Новата држава се создава со спојување на региони со различно културно наследство. Разликите биле големи во секој поглед: политички, културен, национален, економски... Тоа било претежно аграрна земја со висок процент на селско население, чиј живот бил базиран на традиционални обичаи и навики. Процесот на индустријализација воглавно го заобиколил целиот регион. Западните и северните делови на државата (кои некогаш биле дел од Австро-Унгарија) биле развиени, додека јужните делови од земјата (кои биле под Османското Царство) заостанувале во развојот. Сите овие фактори во комбинација со политичките и национални разлики, условиле големи промени во функционирањето на новосоздадената држава.*

Извор **1**

**Држави и територии обединети во 1918 година**




*Repe Bozo, Sodobna zgodovina za 4.letnik gimnazij, str.82*

Извор 2

**Табела на градови**

| | 1921 | 1931 |
|---|---|---|
| Население (во илјади) | Број на градови | Број на градови |
| 10-20 | 30 | 124 |
| 20-50 | 11 | 25 |
| 50-100 | 3 | 4 |
| > 100 | 2 | 3 |

*Lj. Dimic, Kulturna politika Kraljevine Jugoslavije, p.36*

Извор 3

**Индустриски развој по региони**




*Repe Bozo, Sodobna zgodovina za 4.letnik gimnazij. Ljubljana: Modrijan 2007, page 97*

Извор 4

**Занимања на населението во Кралството**

*Ljubodrag Dimić, Kulturna politika Kraljevine Jugoslavije1918'1941, II, p.35*

| Видови професии | 1921 | 1931 |
|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство, | 78.87% | 76.58% |
| Индустрија и занаети | 9.91% | 11.00% |
| Трговија, сообраќај | 4.35% | 4.85% |
| Јавна служба, војска | 3.80% | 4.08% |
| Останати | 3.07% | 3.49% |

Извор 5

**Неписмени по бановини**

| | | | Читаат и пишуваат | | | читаат | неписмени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бановини | М | Ж | Вкупно | М | Ж | Вкупно | Вкупно |
| Дравска | 94,13% | 92,41% | 93,23% | 1,80% | 1,23% | 1,23% | 5,54% |
| Дринска | 56,37% | 18,56% | 37,49% | 0,32% | 0,42% | 0,40% | 62,11% |
| Дунавска | 82,03% | 59,67% | 70,52% | 0,45% | 0,77% | 0,61% | 28,87% |
| Моравска | 60,76% | 16,01% | 37,70% | 0,41% | 0,27% | 0,34% | 61,96% |
| Приморска | 55,48% | 29,37% | 42,08% | О,41% | 0,51% | 0,46% | 57,46% |
| Савска | 80,06% | 63,78% | 71,60% | 0,37% | 1,07% | 0,73% | 27,67% |
| Савска | 80,06% | 63,78% | 71,60% | 0,37% | 1,07% | 0,73% | 27,67% |
| Вардарска | 43,89% | 14,32% | 28,84% | 0,41% | 0,18% | 0,30% | 70,86% |
| Врбаска | 39,73% | 13,95% | 27,09% | 0,38% | 0,24% | 0,31% | 72,60% |
| Зетска | 50,69% | 16,69% | 33,50% | 0,51% | 0,41% | 0,46% | 66,04% |
| Белград | 92,66% | 84% | 88,69% | 0,24% | 0,68% | 0,44% | 10,87% |
| Вкупно | 67,31% | 42,90% | 53,83% | | | | 44,51% |

*Ljubodrag Dimić, Kulturna politika Kraljevine Jugoslavije1918'1941, II, p.192*

Извор **1**

**Градови и села**

... Над ¾ од сите домаќинства во Кралството живеело од земјоделство, односно околу 80% од активното население својата заработка ја остварува од земјоделство (...) иако во периодот 1921 – 1931, според некои податоци, градското население се зголемило за еден милион, фактот дека се зголемил бројот на малите градови со слабо развиено стопанство и без урбан животен стандард (...) Според податоците на Министерството за внатрешни работи од 1925 година, постоеле 24.255 села и 4.595 населби, вкупно 96% од сите населени места, додека од останатите видови на населени места имало 1.265 (градови, градчиња, бањи, предградиа, манастири). Според истите податоци во градовите живееле 15,8% од населението.

*Lj. Dimic, Kulturna politika Kaljevine Jugoslavije, 1918-1941, p.35*

Извор **2**

**Туберкулоза**

“Туберкулозата се јавувала како заразна, хронична, народна, социјална болест. Во медицинската литература таа е ставена во групата на т.н. “опасни народни мисии”. Од туберкулоза умирале 14% од сите починати. И на тоа поле постоела изразена нерамноправност, па така во Савска бановина секој петти умирал од туберкулоза, додека во Белград тоа бил секој педесети. Нермноправност постоела и помеѓу селото и градот. Туберкулозата во почетокот се јавувала како градска болест – болест на лошите станови. Брзото прифаќање на хигиенските навики пресудно придонело кон тоа смртноста од туберкулоза да опаѓа во градот двојно побргу отколку на селото, кое тешко се ослободувало од културната и здравствената заостанатост. Единствено во Дравската бановина, во целиот меѓувоен период, смртноста од туберкулоза била поголема на село отколку во град...”

*Lj.Dimic Kulturna politika Kraljevine Jugoslavije 1918-1941, p.66/67*

Извор **3**

**Забавата во Белград**

Белграѓаните имаа забава и во самиот град. На пример, тука беа и првите кинотеки. Интересно решение било она кај “Париз” на Терасије. Бидејќи тука “салата” била импровизирана од дотогашниот тесен а долг двор, платното било ставено да виси на средина, така што се гледало од двете страни, а за да сликата биде појасна, платното е навлажнувано со прскалка. Гледачите седеле на меански маси, јаделе и пиеле (од предната страна било само меана, а од задната страна се вечерало), музиката ја продуцирал еден клавир, а подоцна и мал оркестар со два-три инструменти. При трагични призори се свирело нешто сериозно, а при шеговити врзо и весело. Филмовите се разбира, биле неми...

*“Detinjstvo u proslosti”, Bgd 2001, iz: Aleksandar Deroko, “A ondak je letijo jeroplan nad Beogradom”*

Извор **4**

**Филмска екипа на плоштадот Теразије (Белград)**




*https://www.facebook.com/Crno.beli.Beograd, (19.5.2012.)*

Извор **5**

**Исхрана I**

“Исхраната на селото и градот, во триесеттите години, започнала да се разликува. Во исхраната на градот преовладувале намирници од животинско потекло (расте употребата на месо и млеко), додека храната од растително потекло и натаму доминирала во исхраната на селото. Во исхраната на градското население разликата помеѓу зимската и летната исхрана малку се разликувала, додека на село и натаму се задржале два типа на исхрана – летна и зимска (...) Покрај лебот, гравот и компирот биле основна храна...”

*Lj.Dimic Kulturna politika Kraljevine Jugoslavije 1918-1941,I, str.62*

Извор 6

**Исхрана II**

Храната на село воглавно се состоела од р'жан леб, кромид, сирење, салати и матеница. Солта слабо се користела, затоа што по кажување на селаните, била прескапа. Многу ретко во готвената храна се користи масло – народот многу пости. Пресметав дека во една година има 260 денови на пост. Селските попови не му дозволуваат на народот да користи масло или риба, а самите по цел ден ловат риба во Црна река и ја подготвуваат. Додека регрутите често не тежат ни 40 кг., нивните попови надминуваат 100 и 120 килограми.

*Документи за историјата на македонскиот народ том 2 стр.20 ,*

Извор 7

**Облекување I**

"За некој се вели дека е убаво облечен доколку оделото му е ново или добро сочувано, скапоцено и чисто. Но се смета и дека оној кој премногу внимава на своето одело, не е или нема да биде добар домаќин. Тој премногу време губи на облекување и многу троши на себе. Додека момчињата не се оженат и девојчињата омажат, се смета дека убаво и чисто да се облекуваат. Се суди според оделото за имотот на идните младоженци и невести. Младенците убав се облекуваат и во првата година од бракот, најпрвин бидејќи сеуште се младенци и друго поради тоа што немаат што друго да облечат. Постепено венчалното одело ќе старее, а ново нема да се купува. Што се однесува до децата, тие треба да се чисто облечени кога одат во црква на пречиста и воопшто кога е некој празник и кога одат на гости. Инаку, децата се деца па никогаш не можат да бидат чисти".

*Aleksandar Petrović, Rakovica. Socijalno - higijenski problemi, Beograd 1939, 148*

Извор 8

**Облекување II**

"Начинот на облекување, како и целокупниот живот, бил под влијание на владеачките норми на однесување во средината, нејзините колективни правила, усвоени естетски норми, економски и технички можности. Начинот на облекување е еден од најважните показатели на општествените промени кои го зафатила југословенското село. Во Кралството Југославија можеле да се сретнат повеќе видови на народни носии (алпска, панонска, моравска, македонска, јадранска, дринска), од кои секоја носела карактеристики на средините во кои настанале. (...) Масовната употреба на индустриски производи го менувале животот (...) народната носиа, неминовно отстапувала. Тој процес бил најбрз во Дринската бановина, индустриските области на Савска и Дунавска бановина, како и големите градови. Според некои податоци, во 1918 година носии носеле 60% од населението на Кралството. Во словенечките села таа готово и да била потисната (...) На друга страна, во Дринската област, јужна и југоисточна Србија, Македонија, домашните ткаенини од волна, коноп, лен, кожа, памук биле во секојдневна употреба..."

*Lj.Dimić, Kulturna politika Kraljevine Jugoslavije,I,Bgd,1994, str.74*

Извор 9

**Жена на село**

"Мојата мајка, Перса, се грижеше за 10 деца, 5 свои и 5 од сестра си. Тетка ми почина од туберкулоза, а тетин ми загина во војна. Така грижата за нивните деца ја превзема мојата мајка, која водеше меана во селото во кое живеевме, Дивци, предградие на Ваљево. Беше силна, одлучна, вредна и способна жена, а нејзината главна работа беше во кујната; беше извонреден готвач – адвокати и угледни луѓе од Ваљево секојдневно преоѓаа по 10 км за да дојдат на доручек кај Перса. Во тоа време се грижеше за финансиите, набавка, куќата, децата, а ние деца, моравме да ги почитуваме постарите и да им помагаме околу набавката. Мајка ми беше блага но одлучна, никогаш не го подигаше тонот, но од нас се очекуваше послушност. Татко ми беше мирен, повлечен, неекспониран човек, работлив, но грижата и одговорноста во врска со се и беше препуштена на мајка ми. И покрај сите обврски кои се непрекинати и големи, никогаш не сме ја чуле да се жали на некого или дека нешто и е тешко..."

*Memories of Milos Nedovic, born 1933*

**Прашања:**

1. Колку се разликувала исхраната на село и на град?
2. Што можело да понуди селото во однос на забавата?
3. Каква е забавата во градот?
4. Како луѓето ја доживувале модата? Дали таа била работа на личниот вкус или навика превземена од традицијата?
5. Колку модата влијае на твојот живот? Мислиш ли дека и во минатото било исто?

Извор **1**

**Село во град**

"Распарталени и валкани селски фигури какви што гледаме денес низ градовите, но и по селата, предизвикани се од пролетеризирањето и економско пропаѓање на селското општество, а дел и од неговата општествена збунетост од бранот на модернизација пред кој селанецот со својата традиционално-патријахална култура се чувствува слаб, заостанат и пред се беспомошен. Таа надворешна изобличеност е одраз на неговата општествена, а не материјално-економска поколебаност. Се додека селанецот се држи цврсто на економска основа, тој тоа и го искажува со облеката.".

*V.Dvornikovic, Bgd, 1990,463.*

Извор **2**

**Семејство**




*Private collection of Mitrovic family*

Извор **3**

**"Модернизација"**

"Денес, 100 години потоа, Белград не голта и не вари веќе: тој е проголтан, од Левант, Балкан, Пешта, но нарочно со наездата на паланката од сите раси, јазици и вери околу себе, кои – откорнати од корен – не живеат ни под своите кровови, ни во своите маала, туку на улица, во меана, во кино, "бар", "бифе", "ќебапчилница" и во продавници со "ужички производи", во безбројните меани со паланечки трупец и скара пред врата или прасечка глава во прозорецот или т.н. Локали на "уметничките боеми", една од најбаналните индустрии во тој градски метеж. Во Белград кој денес е едвам за трипати поголем, сето тоа го има триесет пати повеќе отколку во предвоениот Белград, и дури сега, по висококатниците и раскошните париски магазини, Белград стана град на ќебапчилници и филмски ѕвезди од Чубура."

*М. Грол, Из предратне Србије, Београд 1939, 18.*

Извор **4**

**Неморал,** Од Штињани (крај Пула)

Некогаш и денес

"Како што е познато во цела Истра, еднаш Штињан беше вистинска гордост на целото Пељештиње. Нашата младина секогаш беше позната како многу чесна (...) Сите се воодушевуваа на нашето село и нашата младина. Денес и кај нас сосема се измениа работите. Нашите најдобри младинци се измениа поради незапамтениот прекугр[illegible]

Извор **6**

**Глувчето Мики**




**“Глувчето Мики . Христос се роди”**
Објаснување на сликата: На сликата се гледаат Мики и Мини (детски јунаци на познатиот американски стрип цртач Волт Дизни) како печат прасе за Божиќ, што е традиционален српски обичај. Целокупната сцена е пропратена со традиционалниот српски поздрав “Христос се роди”.

naslovna strana (front page), br.II, 1937.

Извор **7**
**Жени**

“Но, каков и да е односот во домот, таткото не владееше (можеби тоа домашно царство му било мало и небитно). Всушност владееа жените: се помнат како владетели. Тој матријархат во патријархат (сета власт во име на домоЂдЛПеМкнцшБвонджњуОдХсмЛОччшОчБуЛеМкњккк

Извор **8**

**Неписмени**
Број на писмени мажи и жени по бановини 1931 година

| | | |
|---|---|---|
| | 43,89% | 14,32% |
| | 50,69% | 16,69% |
| | 56,37% | 18,56% |
| | 60,76% | 16,01% |
| | 55,48% | 29,73% |
| | 82,03% | 69,67% |
| | 80,06% | 63,78% |
| | 92,66% | 84,00% |
| | 94,13% | 92,41% |

*Lj. Dimic, Kulturna politika Kraljevine Jugoslavije1918-1941, II, str.192*

## Чекор 2

Извор **10**

**Жена пилот 2**



*http://www.megaupload.com/?d=JOCR7Q9Qhttp://www.megaupload.com/?d=JOCR7Q9Q, (5.5.2011.)*

**Прашања**

1. Како современиците гледале на животот во градот?
2. Кое однесување било сметано за “нормално” кај девојките? Дали сметаш дека и за момчињата важело истото?
3. Како го објаснуваш постоењето на жени пилоти во општество каде што повеќето жени се неписмени? Дали тоа ја докажува еднаквоста меѓу мажот и жената?
4. Дали секоја жена можела да ја избира својата иднина? Може ли денес? Аргументирај го својот став.
5. Како влијанието на селото го менувало градот? Дали постоел и обратен процес?
6. Дали глувчето Мики е традиционален јунак? Кои традиционални јунаци ги познаваш? Кои се денешните детски херои?

## Чекор 3

**Наставникот бара од учениците да ја пополнат табелата, за позицијата на жената, врз основа на податоците од изворите**

| Урбано | Рурално | Традиционално | Модерно |
|---|---|---|---|
| | | | |